Врз основа на член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 септември 2023 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ
## за изменување на Решението за формирање Совет за реформа на јавната администрација

1. Во Решението за формирање Совет за реформа на јавната администрација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 277/20 и 69/22), точката 2 се менува и гласи:

„2. Советот за реформа на јавната администрација го сочинуваат:
а) претседател
- д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија;
б) членови:
- д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците;
- м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања;
- м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење;
- д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација;
- д-р Фатмир Бесими, министер за финансии;
- д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи;
- м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика;
- м-р Кренар Лога, министер за правда;
- м-р Ристо Пенов, министер за локална самоуправа;
- м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија;
- д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство;
- Спасе Глигоров, директор на Агенцијата за администрација и
- претставник на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).".

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-8058/6
19 септември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија

dr. Artan Grubi

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Владимир Лазаревски |
| Проверил: | Катерина Јаневска |
| | Никола Пасков |
| Контролирал: | Стојанчо Радичевски |
| | Jetmira Maliqi |
| Согласен: | Снежана М. Пендовски |
| | Зоран Брњарчевски |
| Одобрил: | Tahir Hani |